„Никој од вас да не го насочува оружјето кон својот брат, зашто не знае – може шејтанот да му го избие од раката, па да го погоди и да падне во една од дупките на Огнот.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој од вас да не го насочува оружјето кон својот брат, зашто не знае – може шејтанот да му го избие од раката, па да го погоди и да падне во една од дупките на Огнот.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, предупредил дека не е дозволено муслиманот да насочува оружје – од кој било вид – кон својот брат муслиман, зашто не знае, може шејтанот да го поттикне да го помести оружјето во раката, па да го повреди или дури да го убие, и така да направи грев што води кон една од дупките на Џехенемот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66246